Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-4181/3
2 мај 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

---

**1822.**

Врз основа на член 31 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 282/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана, на 2 мај 2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ЗАДРУГИ ЗА 2023 ГОДИНА

I

(1) Со оваа програма ќе се реализираат активности за поддршка на развојот на земјоделските задруги кои се запишани во Регистарот на земјоделски задруги во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Средствата за реализација на оваа програма се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 282/22), раздел 14001 – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, програма 3 – Земјоделство и рурален развој, потпрограма 34, ставка 464 – Разни трансфери, во износ од 20.000.000 денари.

II

Средствата од дел I од оваа програма се наменети за доделување на неповратна финансиска поддршка за инвестиции во механизација, опрема, основни средства и услуги кои имаат за цел системско подобрување на работењето на земјоделските задругите и развој на земјоделските задруги преку:

- подобрување на економските резултати на земјоделските задруги и зајакнување на нивните капацитети,
- зголемување на пазарната конкурентност на земјоделските задруги,
- спроведување на концептот „зелено" земјоделство како начин на извршување на нивните земјоделски активности,
- поттикнување на интерес за зголемување на бројот на членови во задругите,
- подобрување на соработката на земјоделско-прехранбените производители со партнерите во производството,
- преработката и дистрибуцијата, со акцент на развој на квалитетни производи и модерен (дигитален) маркетинг,
- поттикнување на меѓузадружна соработка, користење на достапни локални ресурси во функција на севкупниот развој и
- забавување на процесот на миграција.

III

Корисници на средствата од дел I од оваа програма можат да бидат земјоделските задруги кои се регистрирани во Регистарот на земјоделски задруги во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и кои:

- имаат најмалку 10 земјоделски стопанства евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- се запишани во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица во Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- имаат поднесено годишна сметка/финансиски извештај за последната пресметковна година согласно Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- вредноста на вкупните приходи на земјоделската задруга од Билансот на успех за 2022 година да изнесува најмалку 1.000.000 денари и
- имаат најмалку еден вработен во земјоделската задруга.

IV

Висината на финансиската поддршка согласно оваа програма изнесува:

- за инвестиции за примарно земјоделско производство, најмногу до 700.000,00 денари по корисник со вклучен ДДВ за трошоци за набавка на механизација и опрема и
- за инвестиции за преработка на земјоделски производи, најмногу до 1.500.000,00 денари по корисник со вклучен ДДВ за трошоци за набавка на опрема, маркетинг услуги и услуги за достигнување на стандарди.

V

(1) Прифатливи активности за кои може да се додели финансиската поддршка согласно оваа програма се следните:

**1) За инвестиции за примарно земјоделско производство се:**

- набавка на земјоделски машини (трактори, култиватори, мотокултиватори);
- набавка на опрема и приклучна механизација за припрема на почвата, садење или за берење/собирање/жнеење и транспорт;
- набавка на системи за наводнување;
- набавка на опрема за загревање и/или климатизација;
- набавка на опрема за производство на енергија од обновливи извори во рамките на потребите на земјоделската задруга и подобрување на енергетската ефикасност;
- набавка на опрема за поставување на громобранска заштита;
- набавка на дронови и софтвери кои ќе се вградуваат во земјоделската механизација;
- набавка на заштитни мрежи и/или фолии;
- набавка на повеќегодишни култури;
- набавка на опрема во метереолошки станици и/или други уреди за мерење;
- набавка на опрема во пластеници и/или стакленици;
- набавка на опрема за хидропонски и/или аеропонски системи;
- набавка на опрема за компостирање на земјоделски отпад и
- инвестиции за подобрување на инфраструктурата (пристап до електрична енергија, водоснабдување, патишта, итн.), модернизација на објекти, подобрување на производството и натамошна специјализација на производството.

**2) За инвестиции за преработка на земјоделски производи се:**

- набавка на опрема за преработка, вклучувајќи и (ре)конструкција на објекти;
- подобрување на инфраструктурата (пристап до електрична енергија, водоснабдување, патишта, итн.), модернизација на објекти, набавка на опрема за подобрување на технолошкиот процес на преработка и натамошна специјализација на технолошкиот процес на преработка;
- набавка на опрема за подобрување на технологијата, вклучувајќи органски, географски индикации, заштита на биодиверзитетот поврзано со преработката и капацитетите за преработка;
- набавка на опрема за агроеколошки решенија, вклучувајќи енергетска ефикасност и заштита на животната средина поврзани со преработката и капацитетите за преработка;
- набавка на машини за пред и по берба;
- набавка на опрема и/или машини при одгледување добиток на фарма;
- набавка на опрема за ракување, складирање, сортирање, пакување, обработка и логистика;
- набавка на опрема во дистрибутивни центри;
- набавка на опрема во складишни капацитети и/или технологија и/или ладење;
- набавка на опрема за подобрување на капацитетите за преработка на производи од поледелство, овоштарство, градинарство, лозарство, млеко и месо и
- набавка на опрема за производство на енергија од обновливи извори и подобрување на енергетската ефикасност за потребите на земјоделската задруга.

**3) За инвестиции за маркетинг услуги и услуги за достигнување на стандарди за преработка на земјоделски производи се:**

- изработка на стратегии за заеднички маркетинг, комуникација, брендирање на членовите на задругите;
- услуги за маркетинг на различни производни линии и инвестиции во пазарно-ориентирани иницијативи за скратување на синџирите на производство и продажба;
- консултантски услуги за развивање иновативни решенија кои додаваат вредност на резултатите на задругите, намалување на логистичките трошоци преку економии на обем и проширување на можностите на пазарот;
- консултантски услуги за анализа на пазар за набавка и пазар на продажба;
- услуги за воспоставување на HACCP систем и други системи поврзани со контрола на безбедност на храна;
- услуги за воведување на стандарди за квалитет, усвојување на шеми за заштита на квалитет: заштитена ознака на потекло (PDO), заштитена географска ознака (PGI), традиционални производи, органско земјоделство, трошоци за сертификација;
- изработка на стратегии за развој на квалитетни земјоделски производи (како што се географска ознака и органски производи; органска сертификација, усвојување на механизам за заштита на квалитетот на земјоделските производи);
- услуги за маркетинг и услуги за достигнување на стандарди на земјоделски производи;
- услуги за маркетинг стратегии и активности (со цел да се зголемат можностите на пазарот);
- услуги за давање обуки за спроведување на стандарди за квалитет, менторство и други активности за подобрување на работењето на земјоделските задруги те и нивниот развој.

VI

(1) За доделување на финансиска поддршка согласно оваа програма, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува јавен повик за прибирање на барањата за финансиска поддршка на интернет страницата www.mzsv.gov.mk.

(2) Финансиската поддршка согласно оваа програма се остварува со поднесување на барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, дадено во Прилог 1 на оваа програма.

(3) Еден барател може да поднесе само едно барање за доделување на неповратна финансиска поддршка согласно оваа програма.

(4) Барањето за доделување на неповратна финансиска поддршка согласно оваа програма може да се однесува за инвестиции за набавка на механизација и опрема за примарно земјоделско производство и/или за инвестиции за набавка на опрема, маркетинг услуги и услуги за достигнување на стандарди за преработка на земјоделски производи.

(5) Кон барањето од став (2) на овој дел, барателот треба да поднесе:

- одлука на собранието на земјоделската задруга за потребата од бараната активност потпишана од сите членови на земјоделската задруга;
- збирна рекапитулација за пресметка на плата (изработена од сметководителот на земјоделската задруга во оригинал со печат и потпис);
- декларација за прием на пресметка на исплатувачот на плати за пресметаниот персонален данок;
- извод од банка за исплатени плати кон управителот и/или работниците (оригинал, уредно заверен од банката);
- М1/М2 образец за доказ на засновен работен однос на управителот и/или работниците;
- изјава заверена на нотар дека за исти инвестиции наведени во барањето не користеле средства од друг орган на државна управа или други извори на финансирање од меѓународни донатори (Прилог 2 на оваа програма);
- список на членови на земјоделска задруга, потпишан од сите членови на земјоделската задруга (Прилог 3 на оваа програма);
- деловен план за работа на земјоделска задруга со планирана инвестиција одобрен со одлука од страна на собранието на земјоделската задруга потпишан од сите членови на земјоделската задруга (Прилог 4 на оваа програма);
- доказ за платени даноци заклучно со месецот на доставување на барањето - издаден од Министерството за финансии - Управа за јавни приходи (оригинал);
- доказ за поседување на недвижни и/или подвижни ствари или договор за закуп на недвижни и/или подвижни ствари поврзани со реализација на бараните активности (заверен на нотар).

(6) Барањето од став (2) на овој дел, изјавата, списокот на членови на земјоделската задруга кои треба да се потпишат и деловниот план, можат да се обезбедат преку интернет страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство:
www.mzsv.gov.mk.

(7) Барањето од став (2) на овој дел се доставува во еден оригинален примерок во писмена форма, заверен и потпишан од страна на барателот.

VII

(1) Изборот на корисници на средствата од дел I од оваа програма се врши на следниот начин:

| Критериуми | | Бодови |
|---|---|---|
| Број на вработени во земјоделската задруга | - ако има еден вработен<br>- ако има два вработени<br>- ако има три и повеќе вработени | 5<br>10<br>15 |
| Вкупен приход на земјоделската задруга од Билансот на успех за 2022 година | - 1.000.000 до 3.000.000 денари<br>- 3.000.001 до 5.000.000 денари<br>- Над 5.000.000 денари | 5<br>10<br>15 |
| Број на членови во земјоделската задруга | - од 10 до 19 земјоделски стопанства<br>- од 20 до 30 земјоделски стопанства<br>- повеќе од 30 земјоделски стопанства | 5<br>10<br>15 |
| Имот (земјиште) или пчелни семејства кои ги користат членовите на земјоделската задруга | - до 20.000 $м^2$ или до 170 пчелни семејства<br>- од 20.001 $м^2$ до 40.000 $м^2$ или од 171 до 340 пчелни семејства<br>- повеќе од 40.000 $м^2$ или повеќе од 340 пчелни семејства | 2<br>5<br>10 |
| Број на планирани нови работни места утврдени од деловниот план поврзани со потребата од бараните активности | - едно ново вработување<br>- две и повеќе нови работни места | 2<br>5 |
| Учество на жени и млади земјоделци во вкупниот број на членови на земјоделската задруга | - ако припадници на женски пол учествуваат со 10-30%<br>- ако припадници на женски пол учествуваат со повеќе од 30% | 3<br>5 |
| | - ако има еден член на возраст од 18-40 години<br>- ако има повеќе од еден член на возраст од 18-40 години | 3<br>5 |
| Млад управител до 40 години | | 5 |
| Жена управител | | 5 |
| Земјоделски задруги со седиште во рурални средини лоцирани во планински области (над 700 метри надморска височина) | | 10 |
| Поседување недвижни и/или подвижни ствари или договор за закуп на недвижни и/или подвижни ствари поврзани со реализација на бараните активности | | 10 |
| **ВКУПНО** | **100** | |

(2) Земјоделската задруга треба да добие најмалку 35 бода за да може да и се додели финансиска поддршка согласно оваа програма.

VIII

(1) За постапување по поднесените барања за доделување на финансиската поддршка согласно оваа програма, од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство се формира комисија за одлучување за распределба на финансиска поддршка, составена од претседател и двајца членови и нивни заменици од редот на вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Комисијата од став (1) на овој дел ги проверува доставените барања по истекот на рокот за поднесување барања утврден во јавниот повик од дел VI став (1) од оваа програма.

(3) Комисијата од став (1) на овој дел со записник го утврдува точниот бројот на пристигнати барања и изготвува листа на баратели кои доставиле уредна, комплетна и навремена документација согласно оваа програма и јавниот повик од дел VI став (1) од оваа програма.

(4) Во случај барањето да не е комплетно, земјоделската задруга ќе биде известена да го комплетира барањето, најдоцна осум дена од денот на приемот на известувањето.

(5) Комисијата од став (1) на овој дел ќе го отфрли барањето како нецелосно доколку земјоделската задруга не го дополни барањето во дадениот рок.

(6) Комисијата од став (1) на овој дел ја проверува формалната исправност на барањата и документите согласно дел VI од оваа програма и изготвува конечна листа на баратели кои ги исполниле условите за доделување на финансиска поддршка.

(7) Конечната одлука за распределба на средствата се донесува од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со решение, на предлог на комисијата од став (1) на овој дел, а врз основа на листата на баратели од ставот (6) на овој дел.

(8) Барателите кои не доставиле уредна, комплетна и навремена документација и кои не ги исполнуваат условите за доделување на финансиска поддршка согласно оваа програма нема да бидат наведени во листата од ставот (6) на овој дел и ќе бидат известени дека барањето им е одбиено.

(9) Приложената документацијата не се враќа.

IX

(1) Средствата за финансиска поддршка се доделуваат врз основа на склучен договор од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со секој корисник поединечно.

(2) Земјоделските задругите на кои им е доделена финансиска поддршка со решението од дел VIII став (7) од оваа програма, а не го потпишале договорот ќе се смета дека се откажале од доделените средства.

(3) При потпишувањето на договорот, земјоделската задругата приложува меница потпишана од овластеното лице на земјоделската задруга, како средство за обезбедување на обврските од договорот, во случај на нивно неисполнување.

(4) Одобрените средства во вкупен износ се исплаќаат авансно на сметката на корисникот по потпишувањето на договорот, во рокот наведен во договорот од ставот (1) на овој дел.

(5) Корисниците на средствата по исплатата на финансиската поддршка согласно договорот од ставот (1) на овој дел, треба да ги реализираат активностите за кои им се доделува финансиската поддршка согласно роковите утврдени во деловните планови и договорот.

(6) Набавената опрема и основните средства врз основа на неповратната финансиска поддршка од оваа програма го сочинуваат имотот на задругата во сопственост на земјоделската задруга и не можат да се оттуѓуваат за период од пет години од денот на склучување на договорот од ставот (1) на овој дел.

(7) Корисниците кои нема да ги искористат средствата за финансиска поддршка доделени согласно договорот од ставот (1) на овој дел, кај кои се утврди неправилности согласно дел X став (3) од оваа програма или кои ќе ја оттуѓат набавената опрема спротивно на ставот (6) на овој дел, треба да ги вратат исплатените средства во целост, со пресметана законска затезна камата во рок кој ќе биде наведен во договорот од ставот (1) на овој дел. Надлежност за барање на поврат на исплатени средства има комисијата од дел X став (1) од оваа програма.

X

(1) Следењето на спроведувањето на активностите и извршувањето на договорот за доделување на неповратна финансиска поддршка го врши комисија за следење на спроведувањето на активностите и извршувањето на договорот формирана од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, составена од претседател и двајца членови и нивни заменици од редот на вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Комисијата од став (1) на овој дел врши контрола на бараните активности на земјоделската задруга во период од пет години, односно за цело времетраење на договорот.

(3) Сите корисници на финансиската поддршка согласно оваа програма, во периодот од пет години треба да бидат проверени најмалку еднаш. При теренските контроли се врши проверка дали бараните активности се користат согласно предвидената намена, дали се во сопственост на корисникот, како и останати обврски кои треба да се почитуваат од страна на корисникот согласно договорот склучен помеѓу корисникот и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(4) Во рок од три месеци по завршување на реализацијата на активностите за кои била доделена финансиската поддршка, земјоделската задругата треба да поднесе извештај за реализација на активностите со пропратна документација за кои е доделена финансиската поддршка до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

XI

За реализација на оваа програма, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство доставува извештај со финансиски показатели до Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 декември 2024 година.

XII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-4324/3
2 мај 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

Прилог 1

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

**БАРАЊЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НЕПОВРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ЗАДРУГИ**

**ЈАВЕН ПОВИК БР. _______________**

***Пополнува службено лице***

| Архивски број | Датум на поднесување на барањето |
|---|---|
| | |

*Пополнува барателот*

| Назив на земјоделската задруга (според Централен регистар) | |
|---|---|
| | |
| ЕМБС | |
| ЕДБ | |
| Име на банката | |
| Банкарска сметка | |
| Број на вработени во земјоделската задруга | |
| **Седиште на земјоделската задруга** | |
| Адреса | |
| Поштенски фах | |
| Општина | |
| Телефон за контакт | |
| Е-адреса | |
| **Овластено лице** | |
| Име и презиме | |
| Позиција | |
| ЕМБГ | |
| Телефон за контакт | |
| Е-адреса | |

| Капацитет на земјоделската задруга | |
|---|---|
| **Наведете го вкупниот број на членови на земјоделската задруга:** | _____________членови. |
| **Наведете го бројот на членови според пол:** | Жени: _____________ членови.<br>Мажи: _____________ членови. |
| **Наведете го бројот на членови според возраста:** | Помалку од 40 години: __________ членови.<br>Од 41 до 50 години: ____________ членови.<br>Повеќе од 51 години: _________________ членови. |
| **Наведете ги земјоделските дејности со кои се занимаваат членовите:** | ☐ Овошје: ________________________________________<br>☐ Зеленчук: ______________________________________<br>☐ Житарици: _____________________________________<br>☐ Друго: _________________________________________ |
| **Вкупно земјиште во хектари со кое располагаат сите членови (сопствено и под наем):** | __________________ хектари. |
| **Вкупно земјиште во хектари кое го користи и/или располага земјоделската задруга (сопствено и под наем):** | __________________ хектари. |
| **Вкупен број на животни со кое располагаат сите членови на задругата:** | ____________ единици од _____________________________<br>____________ единици од _____________________________<br>____________ единици од _____________________________<br>***( Наведете го видот на животно)*** |

| | |
|---|---|
| **Вкупен приход на задругата од биланс на успех во 2022 година:** | ☐ Помалку од 1.000.000 денари<br>☐ 1.000.001 до 3.000.000 денари<br>☐ 3.000.001 до 5.000.000 денари<br>☐ Над 5.000.000 денари |
| **Планирана активност** | |
| **Краток опис на планираната инвестиција:** | |
| **Во што имате намера да инвестирате:** | ☐ за инвестиции во механизација и опрема за примарно земјоделско производство и/или<br>☐ за инвестиции во опрема, маркетинг услуги и услуги за достигнување на стандарди за преработка на земјоделски производи |
| **Колкав е вкупниот износ на инвестицијата?** | ____________________ **денари** |
| **Како планираната инвестиција ќе придонесе за подобрување на развојот на земјоделската задруга?**<br>**(можете да означите повеќе полиња)** | ☐ Зголемување на приходите<br>☐ Зголемување на приносот<br>☐ Зголемување на продуктивноста и ефикасноста<br>☐ Зголемување на извозот<br>☐ Зголемување на бројот на вработени<br>☐ Подобрување на производниот процес<br>☐ Друго ____________________________________________ |
| **Дали во последните 3 години имате инвестирано? Ако имате, која била вредноста на инвестицијата?** | |
| **Дали планирате дополнителни инвестиции, покрај инвестицијата според ова барање, во наредните 5 години? Во која сума?** | |

Во контекст на Барањето Ви ги доставувам следните потребни документи:

НАПОМЕНА: Барателот е должен своерачно да ги заокружи документите кои се задолжителни за доставување.

Ознаката ДА значи потврда за доставување на документ. Ознаката Н/П значи не е потребно.

| | Потребни документи | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Одлука на собранието на земјоделската задруга за потребата од бараната активност, потпишана од сите членови на земјоделската задругата | | Да |
| 2. | Збирна рекапитулација за пресметка на плата (изработена од Вашиот сметководител во оригинал со печат и потпис) | | Да |
| 3. | Декларација за прием на пресметка на исплатувачот на плати за пресметаниот персонален данок | | Да |
| 4. | Извод од банка за исплатени плати кон управителот и/или работниците (оригинал, уредно заверен од банката) | | Да |
| 5. | М1/М2 образец за доказ на заснован работен однос на управителот/работниците во земјоделската задруга | | Да |
| 6. | Изјава заверена на нотар дека за исти инвестиции наведени во барањето не користеле средства од друг орган на државна управа или други извори на финансирање од меѓународни донатори | | Да |
| 7. | Список на членови на земјоделска задруга, потпишан од членовите на земјоделската задруга | | Да |
| 8. | Деловен план за работа на земјоделска задруга со планирана инвестиција, одобрен со одлука од страна на собранието на земјоделската задруга потпишана од сите членови на земјоделската задруга | | Да |
| 9. | Доказ за платени даноци заклучно со месецот на доставување на барањето за исплата - издаден од Управа за јавни приходи (оригинал) | | Да |
| 10. | Доказ за поседување на недвижни и/или подвижни ствари или договор за закуп на недвижни и/или подвижни ствари поврзани со реализација на бараните активности (заверен на нотар) | Н/П | Да |
| 11. | Доказ дека земјоделската задруга нема забрана за вршење дејност (Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го обезбедува по службена должност) | | |
| 12. | Доказ дека одговорното лице на земјоделската задруга нема забрана за вршење професија, дејност или должност (Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го обезбедува по службена должност) | | |
| 13. | Доказ дека сметката на земјоделската задруга не е блокирана (Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го обезбедува по службена должност) | | |
| 14. | Доказ дека против земјоделската задруга не е поведена стечајна или ликвидациона постапка (Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го обезбедува по службена должност) | | |

**Име и презиме на овластеното лице (подносител на барање)** **Потпис**

____________________________

_______________________

**Датум на поднесување на барањето: ________________ / мп /**

Прилог 2

**Изјава на овластеното лице подносител на барањето**

Јас, ___________________________________, под целосна морална, материјална и кривична одговорност ИЗЈАВУВАМ дека во потполност сум запознаен/а со условите за добивање на неповратна финансиска поддршка кои произлегуваат од Програма за поддршка на развојот на земјоделските задруги за 2023 година.

Истовремено ИЗЈАВУВАМ дека:

- податоците кои се наведени во барањето и приложената документација се точни, автентични и соодветствуваат со фактичката состојба, а за секоја лажна, неточна и непотполна изјава или документ одговарам согласно Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/09),
- сите финансиски средства добиени на нелегален начин или користени спротивно на целта за која се добиени ќе бидат вратени на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со пресметана законска камата,
- за иста намена и активности наведени во барањето немам користено, ниту пак во моментот имам доставено барање за користење на неповратни јавни средства од Буџетот на Република Северна Македонија по однос на останати Програми за инвестиција,
- ќе обезбедам целосен и непречен пристап на контролорите од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до сите згради, простории, опрема, имот и документација поврзани со предметот на финансиската поддршка.

Горенаведената ИЗЈАВА како и наведените податоци во барањето и документацијата ги потврдувам со СВОЕРАЧЕН ПОТПИС:

**Потпис на овластеното лице**

**_____________________________ / мп /**

**Датум на поднесување: _________________**

Прилог 3

***СПИСОК НА ЧЛЕНОВИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ЗАДРУГА***

| Ред. бр.* | Име и презиме на членот на земјоделската задруга | Назив на земјоделското стопанство и ИДБР под кој сте регистрирани во ЕРЗС | Степен на образование | Контакт телефон | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

**дополнете онолку реда колку што ви се потребни според бројот на членови во земјоделската задруга.*

Датум и место: ____________________ /мп/

Прилог 4

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

**ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ЗАДРУГИ**

**ЗА 2023 ГОДИНА**

## Д Е Л О В Е Н   П Л А Н

| Назив на земјоделската задруга (според Централен регистар) | |
|---|---|
| | |
| **Адреса** | |
| **Поштенски фах** | |
| **Општина** | |
| **Телефон за контакт** | |
| **Е-адреса** | |

**I. Преглед на состојбата на земјоделска задруга (човечки, технички, просторни и производни капацитети)**

| Опис на инвестицијата: |
| --- |
| |

***УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ:** Доколку образецот се пополнува рачно, истиот да биде на кирилица со печатни букви и со прецртување на празните полиња со коса црта „ / “. Образецот го пополнува подносителот на барањето.*

**II. Цел и план за развој на земјоделската задрга со временска рамка за реализација со рокови за период не подолг од пет години**

| Прва година: 2024 година | | |
|---|---|---|
| Цели за развој:<br>Основната цел:<br>Посебни цели: | | |
| План за развој: Активности | | Рок за реализација<br>(Од-датум – до-датум) |
| 1 | | |
| 2 | | |
| 3 | | |
| 4 | | |
| 5 | | |
| 6 | | |
| 7 | | |
| ... | | |

| Втора година: 2025 година | | |
|---|---|---|
| Цели за развој: | | |
| План за развој: Активности | | Рок за реализација<br>(Од-датум – до-датум) |
| 1 | | |
| 2 | | |
| 3 | | |

| Трета година: 2026 година | | |
|---|---|---|
| Цели за развој: | | |
| План за развој: Активности | | Рок за реализација<br>(Од-датум – до-датум) |
| 1 | | |
| 2 | | |
| 3 | | |
| ... | | |

| **Четврта година: 2027 година** | | |
|---|---|---|
| Цели за развој: | | |
| План за развој: Активности | | Рок за реализација (Од-датум – до-датум) |
| 1 | | |
| 2 | | |
| 3 | | |
| ... | | |

| **Петта година: 2028 година** | | |
|---|---|---|
| Цели за развој: | | |
| План за развој: Активности | | Рок за реализација (Од-датум – до-датум) |
| 1 | | |
| 2 | | |
| 3 | | |
| ... | | |

*Во Дел II. Барателот ги пополнува трите под-табели почнувајќи од првата година на планирани инвестициони активности.* ***Во деловите – цели на развој*** *ги објаснува целите кои сака да ги постигне преку годишните вложувања/обуки/останати активности.* ***Во полињата за план за развој*** *се набројуваат активностите кои се планира да бидат спроведени за секоја година од Деловниот план поодделно.* ***Во полињата Рок за реализација*** *(Од-датум – до-датум) се внесуваат планираните дати на почеток на активностите и датите на завршување со активностите (инвестиции, обуки, маркетинг услуги, услуги за достигнување на стандарди и други активности за обука и развој на земјоделската задруга).*

**III. Детален план на неопходни инвестиции, обука за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга, потреба од советодавни услуги, привлекување на нови членови и други активности за обука и развој на земјоделската задруга**

| Преглед на детални активности од _____ до _____ година | | |
|---|---|---|
| Реден Број | **Инвестиции:** | **Вредност на планираната инвестиција** |
| 1. | | |
| 2 | | |
| 3 | | |
| 4 | | |
| 5 | | |
| 6 | | |
| 7 | | |
| Реден Број | **Обуки:** | **Вредност на планираните обуки** |
| 1. | | |
| 2. | | |
| ... | | |
| Реден Број | **Маркетинг и консултантски услуги:** | **Вредност на планираните маркетинг и консултантски услуги** |
| 1. | | |
| 2. | | |
| .3... | | |
| Реден Број | **Услуги за достигнување на стандарди:** | **Вредност на планираните услуги за достигнување на стандарди** |
| 1. | | |
| 2. | | |
| .3... | | |
| **ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПЛАНИРАНИТЕ ВЛОЖУВАЊА:** | | |

*Во Дел III.* ***Во полето Преглед на детални активности*** *– од ______ до ______ година, се внесува годината на почеток и крајна активностите од деловниот план. Барателот ги внесува деталните информации за планираните неопходни инвестиции, обуки, советодавни услуги и другите активности за обука и развој, поодделно по тип на активности.****Во полето инвестиции****: детално за секоја инвестиција во набавка на опрема и механизација, градежни активности и сите останати инвестициони активности, потребна работна сила, начин на финансирање и извори на средствата и други информации.* ***Во полето обуки:*** *детално за секоја обука се опишува темата на обуката, организатор, место на спроведување на обуката,времетраење и друго.* ***Во полето маркетинг и консултантски услуги:*** *детално за секоја потреба од овие услуги поодделно, опис на потребата од услугата, име/назив на давателот на услугата и содржината на маркетингот и консултирањето и друго. Во полињата за вкупна вредност на неопходните активности се внесува потребната сума на средства неопходни за реализација на поодделните активности.*
***Напомена: Во продолжение на секоја активност може да се додаваат нови редови во кои се впишуваат инвестициите, обуките, маркетинг и консултантски услуги и*** **услуги за достигнување на стандарди.**

**IV. Краток опис за бараните активности поврзани со потребата во земјоделството**

**Финансиска анализа за инвестициони активности во првата година од Деловниот план**

Табела 1- Основни податоци за планираната инвестицијата

| | | |
|---|---|---|
| А. | Назив на земјоделската задруга : | |
| Б. | Локација на инвестицијата | |
| В. | Износ на планираната инвестиција (со ДДВ): | |
| Г. | Вкупен износ на планирана финансиска поддршка: | |
| Д. | Цел на инвестиција: | Опис на активностите во земјоделството поврзани со потребата од планираната инвестиција: |
| Е. | Деловниот план е изработен од: | Контакт телефон: |

***Упатство за пополнување на табела 1:***

**Точката А -** Во празното поле во **точката А** се внесува називот на земјоделската задруга, барател на финансиската поддршка (како што е наведено во тековната состојба издадена од Централниот регистар).

**Точката Б -** Во празното поле од **точката Б** се внесува локацијата на инвестицијата**.** (на пр. с. Грдовци, општина Кочани).

**Точка В** - Во празното поле од **точката В** се внесува вкупниот износ на планираната инвестиција со пресметан данок на додадена вредност (ДДВ).

**Точката Г -** Во празното поле од **точката Г** се внесува вкупниот планиран износ на финансиската поддршка која барателот очекува да ја добие од Програмата за поддршка на развојот на земјоделските задруги за 2023 година и

**Точката Д -** Во празното поле од **точката Д** барателот треба да ја опише целта на инвестиција. Планираната инвестиција е потребно да ги вклучува сите горенаведени цели (1;2;3 и 4). Исто така во празното поле барателот треба да опише на кој начин планираната инвестиција ке доведе до модернизација на земјоделската задруга, на кој начин ќе го оствари почитување на добрите земјоделски пракси и какви мерки ќе превземе за заштита на животната средина и за благосостојба на животните.

**Точката Е** - Во празното поле од **точката Е** се внесува името и презимето на лицето кое учествувало во изготвувањето на овој деловен план. Доколку деловниот план е изготвен од советник вработен во Агенцијата за поттикнување на развојот во земјоделството, треба да се наведе име и презиме на советникот и регионалната канцеларија на АПРЗ во која е вработен. Во дополнително обележаното поле се внесува и телефонскиот број за контакт на лицето кое учествувало во изготвувањето на овој деловен план.

| А. | Б. | В. | Г. | Д. | Е. |
|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Постојано (основно) средство | Набавна вредност со ДДВ | Трошоци за одржување во % | Трошоци за осигурување во % | Стапка на аморти зација |
| | **Градежни објекти** | | | | |
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |
| | **Опрема/механизација** | | | | |
| 6. | | | | | |
| 7. | | | | | |
| 8. | | | | | |
| 9. | | | | | |
| 10. | | | | | |
| 11. | | | | | |
| 12. | | | | | |
| 13. | | | | | |
| 14. | | | | | |
| | ***ВКУПНО:*** | | | | |

Табела 2 – Спецификација на трошоци за планирани основни средства

***Упатство за пополнување на табела 2:***

**Колона Б -** Во празните полиња од **колоната Б** се дава детален преглед на планираните набавки поделени во 2 групи: Градежни објекти и опрема/механизација. Овие податоци се превземаат од понудите / профактурите кои барателот ги доставува во рамките на целосното барање.

**Колона В -** Во празните полиња од **колоната В** се внесува набавната вредност со вклучен данок на додадена вредност за секоја поединечна ставка од барањето.

**Колона Г -** Во празното поле од **точката Г** се внесува планираниот процент на учество на трошокот за одржување на планираната инвестиција во однос на набавната вредност на годишно ниво. Трошоците за одржување најчесто се однесуваат на процентот кој барателот ќе го издвојува за резервни делови и работна рака за поправка. Овој процент најчесто се движи од 1-2 % годишно.

**Колона Д -** Во празните полиња од **колоната Д** се внесува планираниот процент на учество на трошокот за осигурување на планираната инвестиција во однос на набавната вредност на годишно ниво. *(Колона Д се пополнува доколку барателот планира да ја осигура инвестицијата).*

**Колоната Е -** Во празните полиња од **колоната Е** се внесува стапката на амортизација на објектот или опремата/механизацијата. (Согласно „Уредба за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки" (Службен весник на Р.М.број 64/2002; 98/2002 и 10/2008 година).

Табела 3 - Планирани нови работни места поврзани со потребата од бараните активности

| Вид на работно место | Број на извршители | Планирана месечна бруто плата | Вкупен износ на планирани годишни бруто плати |
|---|---|---|---|
| А. | Б. | В. | Г. = (Б x В) |
| Производство/Висока стручна спрема (ВСС) | | | |
| Средна стручна спрема (ССС) | | | |
| Квалификувана работна сила (КВ) | | | |
| Сезонска работна сила | | | |
| Семејна работна сила (членови на семејно земјоделско стопанство)[1] | | | |
| | | | |
| **ВКУПНО:** | | | |

***Упатство за пополнување на табела 3***

**Колона Б** - Во **колоната Б** се внесува бројот на извршители кои ќе бидат ангажирани од страна на земјоделската задруга.

**Колона В -** Во **колоната В** се внесува износот на месечната бруто плата за лицата кои ќе бидат ангажирани од страна на земјоделската задруга.

**Колона Г -** Во **колоната Г** се пресметува вкупниот износ на планираните годишни бруто плати. Овој износ претставува производ од вредностите наведени во колоната Б и колоната В (Г=Б x В).

[1] Член насемејно земјоделско стопанство е полнолетно физичко лице кое врши земјоделска дејност на земјоделскиот имот и за кое се води евиденција во Министерството. Вкупен износ на планирани годишни бруто плати за семејната работна сила претставува производ од:

1. Бројот на извршители (членови на семејно земјоделско стопанство)
2. Бројот на денови на ангажирање на членовите насемејно земјоделско стопанство и
3. Висината на дневница која ја би се платила доколку се ангажира сезонска работна сила